Државен испитен центар

# Концепција за испитите на крајот од средното образование

Скопје, 2025 година

Концепцијата е донесена со Решение на министерот за образование и наука број 13-12804/3 од 10.10.2025 година и Решение за дополнување на Концепцијата за испити на крајот на средното образование бр. 18-15484/2 од 15.12.2025 година.

## СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД** ........ 4

**2. МОДЕЛИ НА ИСПИТИ** ........ 6

**3. ДРЖАВНА МАТУРА, ДРЖАВНА СТРУЧНА МАТУРА, ДРЖАВНА УМЕТНИЧКА МАТУРА** ........ 10

**Државна матура** ........ 10

**Државна стручна матура** ........ 11

**Државна уметничка матура** ........ 13

**Оценување на знаењата и способностите** ........ 14

**Известување за резултатите** ........ 17

**4. УЧИЛИШНА ГИМНАЗИСКА МАТУРА, УЧИЛИШНА СТРУЧНА МАТУРА, УЧИЛИШНА УМЕТНИЧКА МАТУРА** ........ 18

**Училишна гимназиска матура** ........ 18

**Училишна стручна матура** ........ 19

**Училишна уметничка матура** ........ 20

**Оценување на знаењата и способностите** ........ 22

**Известување за резултатите** ........ 23

**5. ЗАВРШЕН ИСПИТ** ........ 24

**Оценување на знаењата и способностите** ........ 24

**Известување за резултатите** ........ 25

**6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ, ПРОЕКТНА ЗАДАЧА И ПРАКТИЧЕН ИСПИТ** 26

**7. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ** ........ 28

**Приспособување на испитите за кандидатите со попреченост** ........ 28

**8. НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ** ........ 30

**9. ОРГАНИ И ТЕЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ НА КРАЈОТ ОД ЧЕТИРИГОДИШНОТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** ........ 33

**10. ДИНАМИКА НА ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПЦИЈАТА ЗА ИСПИТИТЕ НА КРАЈОТ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** ........ 38

**ПРИЛОЗИ** ........ 39

# 1. ВОВЕД

Нашата држава има добро воспоставен систем на централизирани испити кои ги потврдуваат постигањата на учениците на крајот од средното образование. Преку овие испити се избираат кандидати за понатамошните образовни нивоа и се овозможува следење на резултатите со цел подигнување на квалитетот на средното образование. Следејќи ги образовните реформи спроведени околу почетокот на новиот милениум, во 2004 година беше донесена „Концепцијата за матура и за завршен испит во јавното средно образование во Република Македонија". Во првата Концепција од 2004 година се опишани испитите на крајот од четиригодишното средно образование, и тоа за:

- гимназиското образование: државна матура и училишна матура;
- средното стручно образование: државна матура и завршен испит и
- уметничкото образование: училишна матура.

Во согласност со Концепцијата, во 2008 година првпат беше успешно реализирана државната матура, по претходни повеќегодишни подготовки и пилотирања. Согласно измените во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 81 од 7.7.2008 г.), за учениците од средното уметничко образование е воведена државна матура.

Оттогаш, испитите од државната матура, училишната матура и завршниот испит, развиени во Државниот испитен центар, ѝ послужија на земјата за проценка на знаењата и способностите што ги постигнале матурантите. Истовремено, се воспостави систем за генерирање објективни и веродостојни податоци кои служат за анализа на состојбата во училиштата при носење на одлуки од креаторите на образовните политики.

Државната матура игра клучна улога во праведниот избор на кандидати за места во високообразовните институции и, исто така, обезбедува и меѓународно признаени дипломи за оние кои сакаат да го продолжат своето образование во другите држави. Сепак, од нејзиното воведување па досега, општеството претрпе многу промени. Националниот образовен систем има потреба да одговори на новите околности и на новите општествени текови. Светските трендови за развој на ваков вид испити, заедно со новите радикално променети политики во реализирањето на средното стручно образование, односно подготовката на нови наставни програми и наставни планови, ја наметнуваат потребата од создавање нова концепција за централизирани испити на крајот од средното образование.

За развојот на новата Концепција, разгледани се наодите од направената анализа на постојната државна матура, училишна матура и завршните испити во средните училишта. Покрај тоа, земени се предвид и наодите од „Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Северна Македонија", спроведен во 2019

година (ОЕЦД, 2019). Оттука, оваа Концепција не се заснова само на силните страни на постојниот систем на испити и квалификации, туку вклучува и нови елементи со цел да ги одрази и поддржи неодамнешните реформи во образовните политики и практики кои се регулирани и со измените и дополнувањата во Законот за средното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 78/25 од 11.4.2025 г.).

Концепцијата се заснова на четири основни принципи. Тие се:

- правата и најдобрите интереси на учениците се основа на Концепцијата;
- стекнување трајни и квалитетни знаења во функција на светските образовни трендови;
- централизирани испити и тестови кои овозможуваат праведно и објективно оценување на постигањата на учениците;
- националните образовни приоритети и цели се основа при дизајнирањето на испитите и тестовите.

Ваквата поставеност води кон создавање систем на испити на крајот од средното образование кој ќе биде ефективен, ефикасен и одржлив на долг рок.

# 2. МОДЕЛИ НА ИСПИТИ

Системот на испити на крајот од средното образование во оваа Концепција е дефиниран да одговори на потребите на сите чинители и, истовремено, да биде **достапен** и **одржлив** на долг рок.

Моделите на испити на крајот од средното четиригодишно образование се засновани на општите цели на образованието, системот на средното образование, „Концепцијата за модернизација на техничкото образование“, како и на структурата на наставните планови и програми за гимназиското, четиригодишното средно стручно и за средното уметничко образование.

Примарна цел на гимназиското образование, како и на средното уметничко образование е да ги подготви учениците за универзитетски студии. Од друга страна, пак, примарната цел на средното стручно образование е подготвка на учениците за вклучување на пазарот на трудот или за понатамошни стручни и академски студии.

Учениците од стручното образование имаат право да го продолжат своето образование и на други студиски програми – опција што традиционално многу ученици ја избираат. Промените што се воведоа со реформите во средното стручно образование – модуларизацијата и дуалноста на четиригодишното стручно образование, како и зајакнувањето на стручните компетенции и мерењето на степенот на нивното постигнување – ја наметнаа потребата од создавање нов вид централизирани испити кои ќе претставуваат соодветна завршница на четиригодишното средно образование. Централизираните испити треба да ја исполнат двојната функција на завршување на средното образование – да овозможат вклучување на пазарот на трудот и да понудат можност за продолжување на образованието во високообразовни установи, согласно изборот што учениците го направиле во текот на средното образование.

Концепцијата ги опфаќа следните модели на испити:

- Двегодишно и тригодишно средно образование:
    - завршен испит.
- Четиригодишно средно образование:
    - државна матура;
    - државна стручна матура;
    - државна уметничка матура;
    - училишна гимназиска матура;
    - училишна стручна матура и
    - училишна уметничка матура.




Учениците на крајот од средното образование, во зависност од видот на образованието, имаат можност да ги полагаат следниве испити:

- учениците од гимназиското образование полагаат државна матура и/или училишна гимназиска матура;
- учениците од Меѓународната програма за средно образование (ИБ-програма) полагаат меѓународна матура и/или државна матура;
- учениците од стручното образование со четиригодишно траење полагаат државна матура и/или државна стручна матура и/или училишна стручна матура;
- учениците од стручното образование со двегодишно, односно со тригодишно траење полагаат завршен испит по завршувањето на последната година;
- учениците од средното уметничко образование полагаат државна матура и/или државна уметничка матура и/или училишна уметничка матура.

Државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура имаат двојна функција: сертификациска и селекциска.

Сертификациската функција подразбира издавање диплома (сертификат) на секој ученик, со која се потврдуваат постигнувањата што ги покажале преку процесот на оценување на испитите. Селекциската функција на испитите, пак, им овозможува на кандидатите и на високообразовните институции пристап до информации (резултати од испитите) кои се користат при селекцијата на кандидати за упис на достапните места на студиските програми на факултетите.

Испитите на крајот од две- и на крајот од тригодишното средно образование имаат исклучиво сертификациска функција. Испитите на крајот од четиригодишното средно образование, во зависност од тоа кој модел на испити го полага кандидатот, имаат сертификациска и/или селекциска функција.

Училишната гимназиска матура, училишната уметничка матура, училишната стручна матура и завршниот испит имаат сертификациска функција. Тоа значи дека учениците добиваат диплома со која се потврдува нивото на компетенциите за одредена квалификација. Учениците кои положиле училишна гимназиска матура/училишна стручна матура/училишна уметничка матура, односно завршен испит се стекнуваат со определена квалификација и можат да се вклучат на пазарот на труд.

Учениците кои положиле државна матура или државна стручна матура или државна уметничка матура или меѓународна матура можат да го продолжат своето образование во високообразовна установа, согласно критериумите за запишување на високообразовната установа.

Учениците кои положиле државна стручна матура можат да го продолжат своето образование во високообразовна установа, на соодветна студиска програма. Учениците кои положиле државна уметничка матура можат да го продолжат своето образование во високообразовна установа, на соодветна студиска програма.

Учениците од четиригодишното стручно образование и од уметничкото образование кои сакаат да го продолжат своето образование во високото образование, на студиска програма различна од средното образование кое го завршиле, полагаат државна матура, согласно критериумите за упис во високообразовната установа. Доколку кандидатот смета дека може самостојно да се подготви и да ги совлада потребните (бараните) цели/резултати од учење наведени во испитните програми за државна матура, иако завршил четиригодишно средно стручно образование/средно уметничко образование, може да се пријави да полага државна матура и на тој начин да го продолжи своето образование во високообразовните институции, како во државата, така и во странство. Концепцијата обезбедува соодветна поврзаност меѓу овие испити.

На крајот од четиригодишното образование, кандидатите кои положиле некој од следниве испити: државна стручна матура, државна уметничка матура, училишна гимназиска матура, училишна уметничка матура или училишна стручна матура имаат можност следната година да полагаат и државна матура.

Кандидатите кои положиле училишна уметничка матура, односно училишна стручна матура имаат можност од следната година да полагаат државна уметничка матура, односно државна стручна матура со цел да го продолжат своето образование во високообразовните установи на соодветна студиска програма.

Кандидатите кои положиле училишна гимназиска матура имаат можност од следната година да полагаат државна матура за продолжување на своето образование во високообразовните институции.

Кандидатите кои положиле државна матура, државна стручна матура или државна уметничка матура и не се задоволни од постигнатиот резултат по одреден предмет/одредени предмети може да поднесат барање до училишната матурска комисија за поништување на добиениот резултат од одреден испит во рок од три дена од добивањето на конечните резултати. Со поништувањето на резултатот од испитот/испитите, на кандидатите не им се издава диплома за завршено средно образование и тие го/ги преполагаат испитот/испитите во **следната испитна сесија**. Кандидатот кој го/ги поништил испитот/испитите има право да го/ги пријави и преполага испитот/испитите со пријавување во училиштето каде што ја полагал државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура. Кандидатот плаќа надоместок за преполагање на еден или повеќе екстерни испити, според реално направените трошоци. Висината на надоместокот ја утврдува директорот на Државниот испитен центар, со претходна согласност од министерот за образование и наука.

Дополнителни екстерни/интерни испити од државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура (по нивна желба и/или потреба) може да полагаат и кандидатите кои се стекнале со диплома за државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура во претходните учебни години. Кандидатите овие испити ги пријавуваат во средното училиште каде што претходно полагале државна матура/државна стручна матура или државна уметничка матура. Резултатите од овие испити се прикажуваат со оценка и перцентили или само со оценка, односно оценувањето на знаењата и способностите на учениците за интерните и екстерните испити од државната матура се врши со бодови кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5) за интерните испити, а во оценки и перцентилен ранг за екстерните испити. Кандидатите може да полагаат најмногу два дополнителни екстерни/интерни испити од државната матура/државната стручна матура или државната уметничка матура. Кандидатите плаќаат надоместок за секој дополнителен екстерен испит врз основа на реално направените трошоци. Висината на надоместокот ја утврдува директорот на Државниот испитен центар, со претходна согласност од министерот за образование и наука.

Кандидатите кои не ги положиле испитите од државната матура/државната стручна матура или државната уметничка матура имаат право да полагаат бесплатно најмногу двапати. Висината на надоместокот што го плаќаат кандидатите за полагање на екстерните испити од државната матура/државната стручна матура, односно државната уметничка матура за третото и за секое наредно полагање, врз основа на реално направените трошоци, ја утврдува директорот на Државниот испитен центар, со претходна согласност од министерот за образование и наука.

# 3. ДРЖАВНА МАТУРА, ДРЖАВНА СТРУЧНА МАТУРА, ДРЖАВНА УМЕТНИЧКА МАТУРА

## Државна матура

Државната матура има две функции: сертификациска – потврдување на успешно завршено средно образование; и селекциска – избор на кандидати за запишување во високообразовните институции.

Државната матура во гимназиското образование, средното стручно образование и средното уметничко образование се состои од:

- задолжителен дел;
- изборен дел и
- проектна задача.

**Задолжителниот дел** се состои од еден наставен предмет:

- Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература или Српски јазик и литература.

**Изборниот дел** се состои од три наставни предмети:

- како прв изборен наставен предмет, кандидатот избира еден од следниве: Математика, Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик или Италијански јазик;
- вториот и третиот изборен предмет кандидатот ги избира од понудена листа на наставни предмети.

**Проектната задача** претставува проучување на проблем кој кандидатот го избира од еден или од повеќе наставни предмети или, пошироко, од образовни области. Целта на проектната задача е да ја провери практичната оспособеност на кандидатите, согласно испитната програма.

Задолжителниот дел од државната матура и првиот изборен наставен предмет се реализираат екстерно, писмено, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати во државата. Вториот изборен предмет се реализира екстерно, писмено и/или електронски, во исто време и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати во државата.

Третиот изборен предмет се полага интерно во училиштето, писмено и/или електронски, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште.

Изготвувањето, презентирањето и оценувањето на проектната задача се вршат интерно во училиштата, согласно испитната програма.

Државната матура се полага според посебни испитни програми, засновани на наставните програми од гимназиското образование за соодветните наставни предмети. Испитните програми се изготвуваат екстерно, на предлог на Бирото за развој на образованието во соработка со Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот за образование и наука.

Кандидатите имаат право покрај четирите наставни предмети и проектната задача кои се пропишани да ги полагаат во рамките на државната матура, да изберат и други, најмногу два предмети од Листата на предмети за изборниот дел на државната матура. Овие дополнителни предмети му овозможуваат на кандидатот поголема проодност при запишување во високото образование. Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите по секој од двата дополнителни предмети се врши интерно во истата испитна сесија или, пак, во наредните испитни сесии, екстерно или интерно.

## Државна стручна матура

Државната стручна матура во четиригодишното стручно образование има две функции: сертификациска – потврдување на успешно завршено средно образование; и селекциска – избор на кандидати за запишување во високообразовните институции на соодветна студиска програма.

Државната стручна матура во четиригодишното средно стручно образование се состои од:

- задолжителен дел;
- изборен дел и
- проектна задача.

**Задолжителниот дел** се состои од еден наставен предмет:

- Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература или Српски јазик и литература.

**Изборниот дел** се состои од три наставни предмети:

- како прв изборен наставен предмет, кандидатот избира помеѓу Математика или Англиски јазик;

- вториот изборен предмет го избира од понудената Листа на општообразовни наставни предмети за изборниот дел на државната стручна матура;
- третиот изборен предмет ученикот го избира од Листата на стручни наставни предмети/модули за изборниот дел од државната стручна матура, која е дадена во Прилогот на оваа Концепција. Во реформираното техничко образование (со модуларно дизајнирани наставни планови и програми), за третиот дел ученикот избира изборен пакет кој може да биде составен од еден или од повеќе модули и од еден или од повеќе предмети, наведени во испитните програми за државната стручна матура за секој образовен профил/квалификација. Називите на сите изборни пакети за секоја струка/сектор и образовен профил/квалификација се дадени во Листата на изборни предмети за државната стручна матура и училишната стручна матура по струки/сектори и образовни профили/квалификации, воведена од 2019 година, која е приложена во оваа Концепција. Тие се третираат како називи на предмети и како такви се запишуваат во педагошката евиденција и документација.

**Проектната задача** претставува проучување на проблем кој кандидатот го избира од еден или од повеќе наставни предмети/модули или, пошироко, од образовни области. Целта на проектната задача е да ја провери практичната оспособеност на кандидатите, согласно испитната програма.

Задолжителниот дел од државната стручна матура и првиот изборен наставен предмет кандидатите ги полагаат екстерно, писмено, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати во државата. Вториот изборен наставен предмет од државната стручна матура кандидатите го полагаат екстерно, електронски и/или писмено, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати во државата.

Третиот изборен предмет се полага интерно, во училиштето, писмено и/или електронски, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште.

Изготвувањето, презентирањето и оценувањето на проектната задача се вршат интерно во училиштата, согласно испитната програма.

Државната стручна матура се полага според посебни испитни програми, засновани на наставните програми за четиригодишното средно стручно образование за соодветните наставни предмети. Испитните програми се изготвуваат екстерно, а ги утврдува министерот за образование и наука. Програмите за општообразовните предмети се подготвуваат на предлог на Бирото за развој на образованието во соработка со Државниот испитен центар, а програмите за стручните предмети/модули–на предлог на Центарот за развој на средното образование, исто така во соработка со Државниот испитен центар.

Кандидатите имаат право покрај четирите наставни предмети и проектната задача кои се пропишани да ги полагаат во рамките на државната стручна матура, да изберат и

други– најмногу два предмети од Листата на општообразовни наставни предмети за изборниот дел на државната стручна матура, дадена во Прилогот на оваа Концепција. Овие дополнителни предмети му овозможуваат на кандидатот проширени можности за упис во високото образование, на соодветна студиска програма. Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите по секој од двата дополнителни предмети се врши интерно во истата испитна сесија или, пак, во наредните испитни сесии, екстерно или интерно.

## Државна уметничка матура

Државната уметничка матура во средното уметничко образование има две функции: сертификациска (потврдување на успешно завршено средно образование) и селекциска – избор на кандидати за запишување во високообразовните институции, на соодветна студиска програма.

Државната уметничка матура во средното уметничко образование се состои од:

- задолжителен дел;
- изборен дел и
- проектна задача.

**Задолжителниот дел** се состои од еден наставен предмет:

- Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература или Српски јазик и литература.

**Изборниот дел** се состои од три наставни предмети:

- како прв изборен наставен предмет, кандидатот избира помеѓу Англиски јазик или Историја;
- вториот изборен предмет кандидатот го избира од понудената Листа на општообразовни наставни предмети за изборниот дел на државната уметничка матура, која е дадена во Прилогот на оваа Концепција;
- третиот изборен предмет кандидатот го избира од понудената Листа на стручни наставни предмети за изборниот дел на државната уметничка матура, која е дадена во Прилогот на оваа Концепција.

**Проектната задача** претставува проучување на проблем кој кандидатот го избира од еден или од повеќе наставни предмети или, пошироко, од образовни области. Целта на проектната задача е да ја провери практичната оспособеност на кандидатите, согласно испитната програма.

Задолжителниот дел од државната уметничка матура, првиот и вториот изборен наставен предмет кандидатите ги полагаат екстерно, писмено, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати во државата.

Третиот изборен наставен предмет кандидатите го полагаат интерно, во училиштето, писмено и/или електронски и/или практично, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште.

Изготвувањето, презентирањето и оценувањето на проектната задача се вршат интерно во училиштата согласно испитната програма.

Државната уметничка матура се полага според посебни испитни програми, засновани на наставните програми за средното уметничко образование за соодветните наставни предмети. Испитните програми се изготвуваат екстерно на предлог на Бирото за развој на образованието во соработка со Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот за образование и наука.

Кандидатите имаат право покрај четирите наставни предмети и проектната задача кои се пропишани да ги полагаат во рамките на државната уметничка матура, да изберат и други – најмногу два предмети од Листата на општообразовни предмети за изборниот дел на државната уметничка матура, која е дадена во Прилогот на оваа Концепција. Овие дополнителни предмети му овозможуваат на кандидатот проширени можности за упис во високото образование на соодветна студиска програма. Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите по секој од двата дополнителни предмети се врши интерно, во истата испитна сесија или, пак, во наредните испитни сесии, екстерно или интерно.

## Оценување на знаењата и способностите

### Испити што се реализираат екстерно

Оценувањето на знаењата и способностите на учениците на екстерните испити од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура, за кандидатите кои ги положиле овие испити, се врши со бодови. Бодовите потоа се претвораат во оценки според скалата од два (2) до пет (5), како и во перцентилен ранг на скала од 0 до 100. Перцентилниот ранг на кандидатот покажува од колкав процент на кандидати кои го решавале тестот, тој кандидат е подобар или еднаков. Резултатите на кандидатите кои не го положиле екстерниот испит се прикажуваат како број на освоени бодови.

Оценувањето го вршат оценувачи кои ги определува и обучува Државниот испитен центар, а по правило се од редот на наставниците во средните училишта кои реализираат

настава по предметот што се оценува. По исклучок, доколку не може да се обезбеди наставник од средно училиште, за оценувач може да се определи и наставник од основно училиште кој реализира настава по предметот што се оценува. Во процесот на оценување, избраните оценувачи се распределуваат во различни улоги: како лидери на групи оценувачи, како главни оценувачи и како заменици на главните оценувачи. Тие се од редот на избраните оценувачи и нив ги назначува директорот на Државниот испитен центар врз основа на предлог од координаторот за матура за соодветниот предмет.

Предлог-прагот за оценката доволен (2) и за оценката одличен (5) за секој екстерен испит го утврдуваат стручни комисии по завршувањето на испитот, согласно „Процедурите за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура" од Државниот испитен центар со кои се гарантираат стручноста, тајноста и доверливоста на испитниот материјал. Стручните комисии за определување на предлог-прагот на положеност по конкретен наставен предмет се составени од најмалку тројца членови на државните матурски предметни комисии и тројца оценувачи. За предметите за кои се пријавиле помалку од 50 кандидати, стручните комисии може да имаат и помал број членови.

По завршувањето на полагањето и оценувањето на екстерните испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура, стручните комисии за определување праг на положеност за секој екстерен предмет посебно, во рок од 15 дена, доставуваат предлог-прагови на положеност до Државниот матурски одбор.

Државниот матурски одбор, во рок од пет дена по добивањето на предлог-праговите на положеност од сите стручни комисии, доставува до министерот за образование и наука исти или изменети предлог-прагови на положеност.

Министерот за образование и наука, во рок од три дена по добивањето на предлог-праговите на положеност од Државниот матурски одбор, донесува решенија за утврдување на праговите на положеност за екстерните испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура.

**Испити што се реализираат интерно**

Оценувањето на знаењата и способностите на учениците на интерните испити од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура се врши со бодови кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5). Сите оценки се преодни, освен оценката еден (1).

Оценувањето го вршат училишни предметни комисии кои се составени од наставници по соодветниот предмет или група предмети.

Критериумите за секоја од оценките на интерните испити, односно скалите за претворање на бодовите во оценки, ги изготвуваат училишните предметни комисии врз основа на испитните програми и испитните задачи за секоја учебна година, пред спроведувањето на испитот.

Резултатите на кандидатите кои го положиле интерниот испит се изразуваат со оценка според скалата од два (2) до пет (5). Резултатите на кандидатите кои не го положиле интерниот испит се прикажуваат како број на освоени бодови.

**Проектна задача**

Проектната задача се оценува од соодветна трочлена училишна комисија (наставник кој е ментор на кандидатот и два члена). Подготвителната фаза и фазата на изработка се оценуваат од наставникот кој е ментор, а фазата на презентација и одбрана се оценува од другите двајца членови на комисијата. Во оценката за проектната задача, наставникот кој е ментор на кандидатот учествува со 50 %, а останатите двајца членови учествуваат со по 25 %. Критериумите, односно скалите за претворање на бодовите во оценки за проектните задачи ги подготвува Државниот испитен центар. Оценките се изразуваат бројчено и описно.

За државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура не се искажува општ успех.

Државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура се смета за положена ако кандидатот ја положи проектната задача и на сите пропишани испити постигне резултат најмалку еднаков на прагот на положеност.

На кандидатите кои ги положиле задолжителниот испит, изборните испити и проектната задача од државната матура им се **издава диплома за положена државна матура.**

На кандидатите од четиригодишното средно стручно образование кои ги положиле задолжителниот испит, изборните испити и проектната задача од државната стручна матура им се **издава диплома за положена државна стручна матура.**

На кандидатите од средното уметничко образование кои ги положиле задолжителниот испит, изборните испити и проектната задача од државната уметничка матура им се **издава диплома за положена државна уметничка матура.**

На кандидатите од гимназиското образование кои ги положиле задолжителниот дел од државната матура, еден од изборните предмети и проектната задача, по нивно барање, им **се издава диплома за положена училишна гимназиска матура**.

На кандидатите од четиригодишното средно стручно образование кои ги положиле задолжителниот дел од државната стручна матура, наставниот предмет/модул од изборниот дел и проектната задача, по нивно барање, им **се издава диплома за положена училишна стручна матура**.

На кандидатите од уметничкото образование кои ги положиле задолжителниот дел од државната уметничка матура, стручниот изборен предмет и проектната задача, по нивно барање, им **се издава диплома за положена училишна уметничка матура**.

## Известување за резултатите

Резултатите од полагањето на екстерните испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура се објавуваат во рок од 30 дена од денот на полагањето на последниот испит.

Резултатите од полагањето на интерните испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура се објавуваат во рок од три дена од денот на полагањето.

Резултатите од презентацијата на проектната задача се објавуваат во рок од три дена по завршувањето на презентацијата.

# 4. УЧИЛИШНА ГИМНАЗИСКА МАТУРА, УЧИЛИШНА СТРУЧНА МАТУРА, УЧИЛИШНА УМЕТНИЧКА МАТУРА

## Училишна гимназиска матура

Целта на училишната гимназиска матура е сертификациска. Таа се полага според посебни испитни програми засновани на наставните програми за соодветните наставни предмети.

Училишната гимназиска матура се состои од:

- задолжителен дел;
- изборен дел и
- проектна задача.

**Задолжителниот дел** се состои од еден наставен предмет, и тоа: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература или Српски јазик и литература. Задолжителниот испит се полага интерно, писмено, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште.

**Изборниот дел** се состои од еден општообразовен наставен предмет кој ученикот го избира од понудената Листа на наставни предмети за изборниот дел на училишната гимназиска матура, дадена во Прилогот на оваа Концепција. Изборниот испит се полага интерно, писмено и/или електронски, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште.

**Проектната задача** претставува проучување на одреден проблем кој ученикот го избира од еден или од повеќе наставни предмети или, пошироко, од образовни области. Целта на проектната задача е да ја провери оспособеноста на ученикот за самостојна работа согласно испитната програма.

Училишната гимназиска матура се полага според посебни испитни програми, кои се засновани на наставните програми за гимназиското образование за соодветните наставни предмети. Испитните програми се изготвуваат на предлог на Бирото за развој на образованието во соработка со Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот за образование и наука.

Испитниот материјал за задолжителниот и изборниот дел го изготвуваат и оценуваат училишните предметни матурски комисии. По потреба, со цел проверка на испитниот материјал, односно на релијабилноста (доследноста) на оценувањето, одреден примерок

од тестови или испитен материјал може да биде екстерно проверен од Државниот испитен центар.

Проектната задача се изготвува, презентира и оценува интерно во училиштето, пред соодветни училишни комисии, согласно испитната програма. По потреба, со цел проверка на релијабилноста (доследноста) на оценувањето, одреден примерок од проектни задачи може да биде екстерно проверен од Државниот испитен центар.

## Училишна стручна матура

Целта на стручната училишна матура во средното стручно образование е сертификациска. Таа се полага според посебни испитни програми кои се засновани на наставните програми за соодветните наставни предмети/модули.

Стручната матура се состои од:

- задолжителен дел;
- изборен дел и
- проектна задача.

**Задолжителниот дел** вклучува еден наставен предмет, и тоа: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература или Српски јазик и литература.

**Изборниот дел** – во зависност од струката/секторот, односно образовниот профил/квалификацијата, секој кандидат избира еден од понудените изборни пакети од Листата на стручни наставни предмети/модули за изборниот дел од училишната стручна матура, дадена во Прилогот на оваа Концепција. Во реформираното техничко образование (со модуларно дизајнирани наставни планови и програми), ученикот избира изборен пакет кој може да биде составен од еден или од повеќе модули и од еден или од повеќе предмети кои се наведени во испитните програми за училишната стручна матура за секој образовен профил/квалификација. Називите на сите изборни пакети за секоја струка/сектор и образовен профил/квалификација се дадени во Листата на изборни предмети за државната стручна матура и училишната стручна матура по струки/сектори и образовни профили/ квалификации, воведена од 2019 година, која е дадена во Прилогот на оваа Концепција; и се третираат како назив на предмет. Како такви се запишуваат во педагошката евиденција и документација.

Испитните програми за задолжителниот испит од училишната стручна матура се изготвуваат екстерно, на предлог на Бирото за развој на образованието во соработка со Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот за образование и наука. Испитните програми за изборниот дел од училишната стручна матура се изготвуваат екстерно, на

предлог на Центарот за развој на стручното образование во соработка со Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот за образование и наука.

Задолжителниот испит се полага интерно, писмено, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште. Изборниот дел се полага интерно, писмено и/или електронски, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште. Испитниот материјал за задолжителниот и изборниот дел го подготвуваат и оценуваат училишните матурски предметни комисии. По потреба, со цел проверка на испитниот материјал, односно на релијабилноста на оценувањето, одреден примерок од тестови/испитен материјал може да биде и екстерно проверен од Државниот испитен центар.

**Проектната задача** има цел да ги провери практичните вештини и стручните компетенции на учениците за извршување работи и работни задачи од областа на струката/секторот и/или образовниот профил/квалификацијата, односно постигнатите резултати од учење од практичниот дел, карактеристични за квалификацијата/образовниот профил и/или секторот/струката. Проектната задача може да се реализира во училишна лабораторија или во работилница, а, исто така, може да се реализира и во реални услови – кај работодавец или во ученичка компанија, согласно испитната програма.

Проектна задача се изготвува, презентира и оценува интерно, во училишна лабораторија или во работилница, а, исто така, може да се реализира и во реални услови – односно кај работодавец или во ученичка компанија. Проектната задача ја оценуваат соодветни училишни комисии, согласно испитната програма. По потреба, со цел проверка на релијабилноста на оценувањето, одреден примерок од проектни задачи може да биде и екстерно проверен од Државниот испитен центар.

## Училишна уметничка матура

Целта на училишната уметничка матура во средното уметничко образование е сертификациска. Училишната уметничка матура се полага според посебни испитни програми кои се засновани на наставните програми за соодветните наставни предмети.

Училишната уметничка матура се состои од:

- задолжителен дел,
- изборен дел и
- проектна задача.

**Задолжителниот дел** се состои од еден наставен предмет, и тоа: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература или Српски јазик и литература.

**Изборниот дел** – во зависност од струката, односно образовниот профил, секој кандидат избира еден од понудените наставни предмети од Листата на стручни наставни предмети за изборниот дел од училишната уметничка матура, дадена во Прилогот на оваа Концепција.

Испитните програми за испитите од училишната уметничка матура се изготвуваат екстерно, на предлог на Бирото за развој на образованието во соработка со Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот за образование и наука.

Задолжителниот испит се полага интерно, писмено, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште.

Изборните испити се полагаат интерно, писмено и/или електронски и/или практично, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште.

Испитниот материјал за задолжителните и изборните испити го подготвуваат и оценуваат училишните матурски предметни комисии. По потреба, со цел проверка на испитниот материјал, односно на релијабилноста на оценувањето, одреден примерок од тестови/испитен материјал може да биде и екстерно проверен од Државниот испитен центар.

**Проектната задача** има цел да ги провери практичните вештини и стручните компетенции на учениците за извршување работи и работни задачи од областа на струката и/или образовниот профил, односно постигнатите резултати од учење од практичниот дел, карактеристични за образовниот профил и/или струката согласно испитната програма.

Проектната задача се изготвува, презентира и оценува интерно – во училишна лабораторија, во работилница или на сцена. Проектната задача ја оценуваат соодветни училишни комисии, согласно испитната програма. По потреба, со цел проверка на релијабилноста на оценувањето, одреден примерок од проектни задачи може да биде и екстерно проверен од Државниот испитен центар.

## Оценување на знаењата и способностите

**Задолжителен дел**

Критериумите за секоја од оценките за задолжителниот дел ги изготвуваат училишните предметни комисии врз основа на испитните програми и подготвените испитни задачи пред спроведувањето на испитот за секоја учебна година. Резултатите на кандидатите се изразуваат со оценка според скалата од еден (1) до пет (5). Сите оценки се преодни, освен оценката еден (1).

**Изборен дел**

Критериумите за секоја од оценките за изборниот дел ги изготвуваат училишните предметни комисии врз основа на испитните програми и подготвените испитни задачи, пред спроведувањето на испитот за секоја учебна година. Резултатите на кандидатите се изразуваат со оценка според скалата од еден (1) до пет (5). Сите оценки се преодни, освен оценката еден (1).

**Проектна задача**

Проверката на знаењата, вештините и способностите на кандидатите за оценување на проектната задача се врши интерно од училишна комисија, според претходно утврдени критериуми за оценување од Државниот испитен центар. Училишната комисија за проектната задача е составена од тројца членови, од кои едниот задолжително треба да е наставник–ментор. Проектната задача ја оценува соодветната училишна комисија, така што подготовителната фаза и фазата на изработка ги оценува наставникот кој е ментор, а фазата на презентација и одбрана ја оценуваат другите двајца членови на комисијата. Во оценката за проектната задача наставникот кој е ментор учествува со 50 %, а останатите двајца членови учествуваат со по 25 %. Оценките се изразуваат бројчено и описно, согласно испитната програма.

За училишната гимназиска матура, училишната стручна матура и училишната уметничка матура не се искажува општ успех.

На кандидатите од четиригодишното средно стручно образование кои ги положиле сите пропишани испити и проектната задача од училишната матура/училишната стручна матура/училишната уметничка матура им се **издава диплома за положена училишна гимназиска матура/училишна стручна матура/училишна уметничка матура.**

## Известување за резултатите

Резултатите од полагањето на испитите од училишната матура, училишната стручна матура и училишната уметничка матура се објавуваат во рок од три дена од денот на полагањето на испитите.

Резултатите од презентацијата на проектната задача се објавуваат во рок од три дена по завршувањето на презентацијата.

## 5. ЗАВРШЕН ИСПИТ

Целта на завршниот испит во двегодишното и тригодишното средно стручно образование е сертификациска. Завршниот испит се полага според посебни испитни програми кои се засновани на наставните програми за соодветните наставни предмети/модули.

Завршниот испит се состои од два дела:

- задолжителен дел и
- практичен дел.

**Задолжителниот дел** се состои од полагање на еден наставен предмет, и тоа: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература или Српски јазик и литература. Задолжителниот дел се полага интерно, писмено, истовремено и под еднакви услови и критериуми за сите кандидати на ниво на училиште. Испитниот материјал за задолжителниот дел го изготвуваат и оценуваат училишните матурски предметни комисии. Испитните програми за задолжителниот дел на завршниот испит се изготвуваат екстерно, на предлог на Бирото за развој на образованието во соработка со Државниот испитен центар, а ги утврдува министерот за образование и наука.

**Практичниот дел** има цел да ги провери практичните вештини и стручните компетенции на учениците за извршување работи и работни задачи од областа на струката/секторот и/или образовниот профил/квалификацијата, односно постигнатите резултати од учење од практичниот дел, карактеристични за квалификацијата/образовниот профил и/или секторот/струката. Практичниот дел може да се реализира во училишна лабораторија или во работилница, а, исто така, може да се реализира и во реални услови, односно кај работодавец или во ученичка компанија. Овој дел од испитот го оценуваат соодветни училишни комисии, согласно испитната програма. Испитната програма за полагање на практичниот дел од завршниот испит се изготвува екстерно, на предлог на Центарот за развој на стручното образование во соработка со Државниот испитен центар, а ја утврдува министерот за образование и наука.

### Оценување на знаењата и способностите

#### Задолжителен дел

Задолжителните предмети: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература, Турски јазик и литература и Српски јазик и литература се реализираат интерно и писмено. Критериумите за секоја од оценките за задолжителниот дел ги изготвуваат

училишните предметни комисии, врз основа на испитните програми и подготвените испитни задачи пред спроведување на испитот за секоја учебна година. Резултатите на кандидатите се изразуваат со оценка според скалата од еден (1) до пет (5). Сите оценки се преодни, освен оценката еден (1).

**Практичен дел**

Проверката на знаењата, вештините и способностите на кандидатите за оценување на практичниот дел се врши интерно од училишна комисија, според претходно утврдени критериуми за оценување од Државниот испитен центар и Центарот за развој на стручното образование. Училишната комисија е составена од тројца членови, од кои едниот задолжително треба да биде наставник кој е ментор. Практичниот дел го оценува соодветната училишна комисија, така што подготвителната фаза и фазата на изработка ги оценува наставникот – ментор, а фазата на презентација и одбрана ја оценуваат другите двајца членови на комисијата. Во оценката за практичниот дел, наставникот кој е ментор учествува со 50 %, а останатите двајца членови учествуваат со по 25 %. Оценките се прикажуваат бројчено и описно, согласно испитната програма.

За завршниот испит не се искажува општ успех.

На кандидатите од две- и тригодишното средно стручно образование кои го положиле задолжителниот испит и практичниот дел од завршниот испит им се **издава диплома за положен завршен испит.**

## Известување за резултатите

Резултатите од полагањето на испитот од задолжителниот дел на завршниот испит се објавуваат во рок од три дена од денот на полагањето.

Резултатите од презентацијата на практичниот дел се објавуваат во рок од три дена по завршувањето на презентацијата.

## 6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ, ПРОЕКТНА ЗАДАЧА И ПРАКТИЧЕН ИСПИТ

Изборен предмет за државна матура, државна уметничка матура и изборен општообразовен предмет за државна стручна матура може да биде наставен предмет кој исполнува еден од следните критериуми:

- се изучува најмалку две учебни години со најмалку два часа неделен фонд[1];
- се изучува со најмалку 138 часа вкупен фонд[2].

За државната стручна матура, за секоја струка/сектор, односно образовен профил/ квалификација е изготвена по една испитна програма од програмското подрачје на задолжителни стручни модули.

Проектната задача за државна матура/државна уметничка матура/државна стручна матура претставува проучување на проблем кој кандидатот го избира од еден или од повеќе наставни предмети или, пошироко, од образовни области, согласно испитната програма.

Изборен предмет за училишна гимназиска матура и изборен стручен предмет за училишна уметничка матура може да биде наставен предмет кој исполнува еден од следните критериуми:

- се изучува најмалку две учебни години со најмалку два часа неделен фонд[3];
- се изучува со најмалку 138 часа вкупен фонд[4].

За училишната стручна матура, за секоја струка/сектор, односно образовен профил/ квалификација е изготвена по една испитна програма од програмското подрачје на задолжителни стручни модули.

Проектната задача за училишна матура и за училишна уметничка матура претставува проучување на проблем кој кандидатот го избира од еден или од повеќе наставни предмети или, пошироко, од образовни области, согласно испитната програма. Проектната задача за училишна стручна матура кандидатот ја избира од еден или од повеќе наставни

[1] Освен наставниот предмет Филозофија, кој се изучува една учебна година со 3 часа неделен фонд.
[2] Освен наставниот предмет Филозофија, кој се изучува со 99 часа вкупен фонд.
[3] Освен наставниот предмет Филозофија, кој се изучува една учебна година со 3 часа неделен фонд.
[4] Освен наставниот предмет Филозофија, кој се изучува со 99 часа вкупен фонд.

предмети/модули значајни за струката/секторот, односно образовниот профил/ квалификацијата, согласно испитната програма.

Практичниот дел за завршен испит кандидатот го избира од еден или од повеќе наставни предмети/модули значајни за струката/секторот, односно образовниот профил/ квалификацијата, согласно испитната програма.

# 7. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ

Испитите од завршниот испит, училишната гимназиска матура, училишната стручна матура и училишната уметничка матура се реализираат интерно во училиштата.

Задолжителниот испит и двата општообразовни изборни предмети од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура се реализираат екстерно, согласно „Динамиката за воведување на Концепцијата за испитите на крајот од средното образование“, и ги спроведува Државниот испитен центар. Третиот изборен предмет се реализира интерно во училиштата.

Проектната задача од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура се реализира интерно во училиштата, согласно испитната програма.

Сите овие испити се реализираат во согласност со законските и подзаконските акти. Процедурите за спроведување на државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура ги донесува Државниот испитен центар во согласност со законските и подзаконските акти.

## Приспособување на испитите за кандидатите со попреченост

Училишните матурски комисии, во консултација со Државниот испитен центар, го подготвуваат и го конципираат начинот на приспособување на матурскиот испит за кандидатите со попреченост. При приспособувањето на завршниот испит, училишната гимназиска матура, училишната стручна матура, училишната уметничка матура, државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура за овие кандидати, се земаат предвид начинот на реализација на наставниот процес, потребите и можностите на лицата со попреченост.

Тестовите за завршен испит, училишна гимназиска матура, училишна стручна матура и училишна уметничка матура што ги полагаат кандидатите со попреченост, ги подготвуваат училишните матурски предметни комисии според индивидуалниот образовен план (ИОП) на ученикот.

Тестовите за државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура што ги полагаат кандидатите со попреченост, се идентични со тестовите на другите кандидати, но се приспособува начинот на изведување на испитот, како и користењето дополнителни ресурси. Приспособувањето на начинот на реализација на тестирањето вклучува:

- **Приспособување на просторот и условите за полагање на испитот**
  Определување посебни простории за испитување. Доколку е потребно, може да се приспособи и опремата во просторијата каде што се полага испитот.
- **Ангажирање посебен асистент (тестатор) на испитот**
  Кандидатот може да има личен асистент (тестатор) кој ќе му биде техничка поддршка за време на испитот.
- **Приспособување на времетраењето на испитот**
  Времетраењето на испитот може да се продолжи најмногу за половина од времето предвидено за испитот по соодветниот предмет. Доколку е потребно, испитот може привремено да се прекине, но не повеќе од два прекина со времетраење од по 10 минути. Прекините не се вклучуваат во времетраењето на испитот.
- **Адаптација на испитниот материјал за државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура**
  Материјалот може да се подготви на Брајово писмо, во црно-бела боја; печатен на соодветна подлога и сл.
- **Употреба на асистивна технологија**
  Кандидатите со попреченост кои користат специфични помагала во наставата може да ги користат и за време на испитите, како што се: полагање на тестови со употреба на компјутер; машини за пишување на Брајово писмо; хартија со Брајово писмо; електронска тетратка и сл.

# 8. НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

**Министерство за образование и наука**

Министерството за образование и наука, согласно Законот за средното образование, формира независно тело – Државен матурски одбор. Ова тело ги врши работите поврзани со усогласувањето на подготовките за спроведување на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура.

Министерот за образование и наука на предлог на Државниот матурски одбор ја донесува „Концепцијата за испитите на крајот од средното образование“ и скалите за претворање на бодовите во оценки за секој од екстерните испити. Испитните програми ги утврдува министерот за образование и наука врз основа на предлог од Бирото за развој на образованието или Центарот за развој на стручното образование, во соработка со Државниот испитен центар. Министерството за образование и наука дава поддршка во делот на обезбедувањето на условите за реализација на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура.

**Државен испитен центар**

Државниот испитен центар ги подготвува „Процедурите за спроведување на државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура“, во кои детално се опишани сите фази и одговорностите на вклучените субјекти, со цел да се обезбеди квалитетна и навремена реализација. Процедурите произлегуваат од законските и подзаконските акти, како и од оваа Концепција.

Испитните програми за полагање на испитите на крајот од средното образование за државната матура и за училишната гимназиска матура, како и за општообразовните предмети за државната стручна матура, државната уметничка матура, училишната стручна матура, училишната уметничка матура и завршниот испит, ги утврдува министерот на предлог на Бирото за развој на образованието, во соработка со Државниот испитен центар.

Испитните програми за стручните предмети од државната стручна матура, училишната стручна матура и завршниот испит, ги утврдува министерот на предлог на Центарот за развој на стручното образование, во соработка со Државниот испитен центар.

Испитните програми за стручните предмети од државната уметничка матура и училишната уметничка матура, ги утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието, во соработка со Државниот испитен центар.

Државниот испитен центар е одговорен за подготовката на испитниот материјал за екстерните испити од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура; за печатењето на испитниот материјал; организацијата; оценувањето; обработката на резултатите, како и за објавувањето на резултатите од екстерните испити. Исто така, Државниот испитен центар е одговорен за изготвувањето на извештаите за резултатите од испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура.

**Високообразовни установи**

Високообразовните установи соработуваат со Министерството за образование и наука и со Државниот испитен центар при дефинирање на насоките за креирање на правилата за прием на студенти, во насока на имплементација на испитите на крајот од четиригодишното средно образование, опишани во оваа Концепција.

Претставници од високообразовните установи учествуваат како претседатели на државните матурски предметни комисии од соодветните области при изготвувањето на испитниот материјал, а исто така и како независни читачи на материјалот. Тие се и членови на Државниот матурски одбор.

**Биро за развој на образованието**

Бирото за развој на образованието е орган на управа во состав на Министерството за образование и наука, со својство на правно лице, и врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Републиката.

Испитните програми за полагање на испитите на крајот од средното образование за државната матура и училишната гимназиска матура, како и за општообразовните предмети за државната стручна матура, државната уметничка матура, училишната стручна матура, училишната уметничка матура и завршниот испит, ги утврдува министерот за образование и наука, на предлог на Бирото за развој на образованието, во соработка со Државниот испитен центар. Испитните програми за полагање на испитите на крајот од средното уметничко образование за стручните предмети од државната уметничка матура и училишната уметничка матура, ги утврдува министерот за образование и наука, на предлог од Бирото за развој на образованието, во соработка со Државниот испитен центар.

**Центар за развој на стручното образование**

Центарот за развој на стручното образование е самостојна установа надлежна за вршење стручни работи од областа на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование.

Подготовката на испитните програми за стручните задолжителни модули и за практичниот дел од државната стручна матура, училишната стручна матура и завршниот испит се врши во соработка со Државниот испитен центар, под координација на Центарот за развој на стручното образование.

**Средни училишта**

Соработката со директорите и наставниците од средните училишта претставува суштински елемент во спроведувањето на испитите на крајот од средното образование, односно државната матура, државната стручна матура, државната уметничка матура, училишната матура, училишната стручна матура, училишната уметничката матура и завршниот испит.

Државниот испитен центар вклучува голем број наставници кои се вработени во средните училишта во подготовката на тестовите за екстерните испити од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура, во спроведувањето на испитите, како и во процесот на оценување. Наставниците од средните училишта се и членови на училишните матурски комисии. Тие ги изготвуваат тестовите за интерните испити и ги оценуваат во рамките на училиштата. Во средните училишта, претседателите на училишните матурски комисии (директорите на училиштата) се одговорни за спроведувањето на испитите во рамките на училиштата. Наставниците од средните стручни училишта се ментори на кандидатите при подготовката на практичниот дел од завршниот испит, како и членови на комисии за оценување на практичниот дел. Исто така, наставниците од средните училишта се ментори на кандидатите при подготовката на проектната задача од државната матура, државната стручна матура, државната уметничка матура, училишната матура, училишната стручна матура и училишната уметничка матура, како и членови на комисии за оценување на проектната задача.

Наведените активности и обврски еднакво важат и за јавните и за верифицираните приватни средни училишта, чии ученици учествуваат во кој било дел од испитите опишани во оваа Концепција.

# 9. ОРГАНИ И ТЕЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ НА КРАЈОТ ОД ЧЕТИРИГОДИШНОТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Надлежна установа за спроведување на државната матура е Државиот испитен центар. Надлежни тела за спроведување на државната матура се: Државен матурски одбор, Државна матурска предметна комисија, Државна матурска комисија за проектна задача, Комисија за изрекување мерки за нарушување на правилата за полагање на испитите од државната матура, Комисија за разрешување организациски прашања и технички проблеми при полагање на испитите од државната матура, Комисија за проектна задача, Комисија за поставување праг на положеност, Предметна комисија за приговори, Училишна матурска комисија и Училишна предметна комисија.

**Државен матурски одбор**

Државниот матурски одбор го формира министерот за образование и наука. Овој одбор ги врши работите поврзани со усогласување на подготовките за спроведување државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура, а особено:

- разгледува документи за организирање и спроведување;
- разгледува годишни извештаи за спроведување на матурските испити во гимназиското, стручното и уметничкото образование;
- предлага прагови на положеност за екстерните испити од матурските испити до министерот за образование и наука;
- предлага насоки за пресметка на перцентили за екстерните испити од матурските испити и ги доставува до министерот за образование и наука;
- врши и други работи што се во функција на унапредување на матурата во гимназиското, стручното и уметничкото образование.

Државниот испитен центар најдоцна до први декември поднесува извештај до Државниот матурски одбор, а Државниот матурски одбор до крајот на календарската година поднесува извештај до министерот за образование и наука за својата работа и за реализацијата на испитите на крајот од четиригодишното средно образование. За финансиско-административните работи на Државниот матурски одбор е надлежен Државниот испитен центар.

**Училишна матурска комисија**

Училишната матурска комисија (УМК) е составена од претседател, заменик-претседател, секретар и три члена, како и нивни заменици. Претседател на училишната матурска комисија е директорот на училиштето. Заменик-претседателот, секретарот и членовите на комисијата ги назначува директорот на училиштето на почетокот на учебната година, за периодот од 15 септември во тековната до 14 септември во наредната учебна година. Составот на училишната матурска комисија се објавува на огласната табла во училиштето најдоцна до 15 септември во тековната учебна година. Административно-

организациските работи на комисијата ги извршува секретарот. Во училиштата каде што постојат паралелки од гимназиско и стручно образование на повеќе наставни јазици, како и во училиштата лоцирани во различни објекти на различни локации, бројот на членови и нивни заменици на училишната матурска комисија, по потреба, може да се зголеми за уште три члена/заменици на членовите. Училишната матурска комисија ги извршува следните работи:

- соработува со Државниот испитен центар во врска со подготовката, организирањето и спроведувањето на државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура;
- го подготвува полагањето на испитите на крајот од средното образование во училиштето;
- го умножува испитниот материјал за испитите на крајот од средното образование и се грижи за неговата тајност;
- определува училишни предметни комисии за испитите што се полагаат интерно, како и за проектните задачи и за практичниот дел;
- определува тестатори за писмените испити и изготвува распоред на тестаторите по простории за интерните испити;
- ги потврдува проектните задачи на кандидатите и ги потврдува или определува наставниците – ментори на кандидатите;
- го организира полагањето на државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура/училишна гимназиска матура/училишна стручна матура/училишна уметничка матура/завршен испит во училиштето и ги обезбедува условите за нејзино/нивно спроведување;
- ги прифаќа пријавите на кандидатите за полагање на државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура и ги внесува податоците во базата на податоци на Државниот испитен центар;
- ги евидентира пријавите на кандидатите за кои е потребно прилагодување на државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура;
- се грижи за обезбедување посебни услови за полагање на испитите за кандидатите на кои им е потребно прилагодување, соодветно на индивидуалните потреби;
- изготвува распоред (список) на кандидати по простории за спроведување на интерните испити;
- ги определува термините за интерните испити согласно „Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта“;
- го објавува распоредот за сите испити;
- одлучува по приговорите на кандидатите за интерните испити, односно за проектната задача и за практичниот дел;
- одлучува по приговорите на кандидатите кои го нарушиле испитниот ред за време на интерните испити;
- подготвува извештаи за резултатите од испитите;
- одлучува за оправданоста на ненавремено пријавување за полагање на испитите;

- за кандидат кој не учествувал на интерен испит, одлучува за понатамошната постапка;
- извршува техничко-административни работи во врска со приговорите на кандидатите за државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура;
- извршува и други задачи определени од Државниот испитен центар.

**Државна матурска предметна комисија**

Државната матурска предметна комисија ја формира директорот на Државниот испитен центар и е составена од претседател и најмалку два члена. Претседателот, по правило, е од редот на наставно-научниот кадар од високообразовните установи во Републиката, еден од членовите е советник во Државниот испитен центар, а останатите членови се наставници од средните училишта по соодветниот наставен предмет. Државната матурска предметна комисија изготвува испитен материјал: прашања и задачи, тестови, како и упатства за оценување.

**Училишна предметна комисија**

Училишната предметна комисија е составена од претседател и двајца членови. Претседателот и членовите ги назначува директорот за периодот од 15 септември во тековната до 14 септември во наредната учебна година. Во училишните предметни комисии, најмалку еден член е наставник по соодветниот предмет, а доколку тоа не може да се обезбеди, член на комисијата може да биде и наставник од друго училиште кој ги исполнува условите за наставник по тој предмет или наставник по сроден наставен предмет од истото училиште. Училишната предметна комисија за интерниот испит, односно интерниот дел од испитот, ги врши следните работи:

- составува испитен материјал за интерните испити (испитни прашања, упатство за оценување и скали за претворање на бодовите во оценки);
- ги прегледува и оценува одговорите на кандидатите од интерниот писмен и/или електронски испит;
- изготвува список со резултатите на кандидатите и го доставува до претседателот на УМК;
- извршува и други задачи поврзани со интерните испити.

По потреба, за процесот на оценување за еден предмет во училиштето може да се формираат повеќе училишни предметни комисии.

**Комисија за проектна задача**

Комисијата за проектната задача ја сочинуваат: наставникот кој е ментор на кандидатот и двајца наставници по соодветен или сроден наставен предмет, односно област. Претседателот и членовите на комисијата ги назначува директорот на училиштето. Претседател на комисијата не може да биде наставникот – ментор на кандидатот. Претседателот се грижи за правилно изведување на испитот и води записник.

**Комисија за праг на положеност**

Комисиите за определување предлог-праг на положеност по конкретен наставен предмет, по правило, се составени од три члена на државната матурска предметна комисија и четворица оценувачи. Овие комисии ги формира директорот на Државниот испитен центар, по предлог на предметниот координатор на екстерниот испит од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура.

**Предметна комисија за приговори**

Предметната комисија за приговори е составена од три члена: еден член од соодветната државна предметна матурска комисија, еден претставник од Државниот испитен центар и еден претставник од оценувачите. Претседател на комисијата, по правило, е претставникот од Државниот испитен центар. Предметната комисија за приговори ја формира директорот на Државниот испитен центар. По потреба, за одреден предмет може да се формираат и повеќе од една комисија за приговори.

**Комисија за изрекување мерки за нарушување на правилата за полагање на испитите од државната матура**

Комисијата за изрекување мерки за нарушување на правилата за полагање на испитите од државната матура е составена од претседател, заменик-претседател и три члена. Претседателот на комисијата, по правило, е директорот на Државниот испитен центар. Заменик-претседателот и членовите се од редот на советниците на Државниот испитен центар и ги назначува директорот на Центарот.

**Комисија за разрешување на организациски прашања и технички проблеми при полагањето на испитите од државната матура**

Комисијата за разрешување на организациски прашања и технички проблеми при полагањето на испитите од државната матура е составена од претседател и најмалку два члена. Претседателот и членовите на комисијата, по правило, се од редот на вработените во Државниот испитен центар и ги назначува директорот на Центарот.

**Тестатори**

Тестаторите се наставници и стручни соработници од средните и од основните училишта.

Тестаторите за екстерните испити ги предлагаат директорите на училиштата, а ги определува и обучува Државниот испитен центар. Тестаторот не смее да биде наставник по предметот по кој се врши тестирањето, ниту да биде вработен во училиштето каде што е определен за тестатор. Екстерниот испит го спроведува тестаторот согласно процедурите пропишани од Државниот испитен центар.

Тестаторите за интерните испити ги определува директорот на училиштето, од редот на наставниците и стручните соработници во училиштето во кое се вработени. Тестаторот не смее да биде наставник по предметот по кој се врши тестирањето.

**Набљудувачи**

Набљудувачите, по правило, се лица од редот на вработените во Државниот испитен центар, Бирото за развој на образованието, Центарот за развој на стручното образование, Министерството за образование и наука и Центарот за образование на возрасните, определени од директорот на Државниот испитен центар. Набљудувачите го следат процесот на спроведување на испитите и активно учествуваат во реализацијата на државната матура на денот на испитот, согласно насоките од Државниот испитен центар. Тие се одговорни за почитување на правилата, процедурите и за регуларноста при спроведување на екстерните испити во училиштата каде што се назначени.

# 10. ДИНАМИКА НА ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПЦИЈАТА ЗА ИСПИТИТЕ НА КРАЈОТ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Концепцијата за испитите на крајот од средното образование ќе се воведе во две фази.

**Првата фаза** ќе се реализира во учебната 2025/2026 година и опфаќа:

- **воведување завршен испит, училишна стручна матура и училишна уметничка матура;**
- **воведување државна стручна матура и државна уметничка матура со два екстерни испити, два интерни предмети и проектна задача.**

**Втората фаза** ќе се реализира од учебната 2028/2029 година и опфаќа:

- воведување три екстерни испити во државната матура, државната стручна матура и во државната уметничка матура, согласно наставните планови за средното образование.
  Поконкретно:
- од државната матура, задолжителниот испит и два изборни испити ќе се реализираат екстерно, еден изборен испит ќе се реализира интерно; и проектна задача;
- од државната стручна матура задолжителниот испит и два изборни општообразовни испити ќе се реализираат екстерно, еден изборен стручен испит ќе се реализира интерно; и проектна задача;
- од државната уметничка матура, задолжителниот испит и два изборни општообразовни испити ќе се реализираат екстерно, еден изборен стручен испит ќе се реализира интерно; и проектна задача.

Учениците запишани во верските училишта во првата година од образованието во учебната 2025/2026 година ќе имаат право да полагаат државна матура, согласно Законот за средно образование и оваа Концепција, доколку верските училишта ги исполнат условите согласно Законот за училишта за средно образование на верските заедници. Учениците кои положиле државна матура имаат право да го продолжат своето образование на високообразовните установи во Републиката, согласно условите утврдени со закон и со конкурсите на високообразовните установи.

# ПРИЛОЗИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

# ПРИЛОЗИ

## НА КОНЦЕПЦИЈАТА ЗА ИСПИТИ НА КРАЈ НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, декември 2025

# I ЛИСТИ НА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

# 1. ЛИСТА на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во гимназиското образование

1. МАТЕМАТИКА
2. АНГЛИСКИ ЈАЗИК
3. ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК
4. ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
5. РУСКИ ЈАЗИК
6. ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК
7. ФИЗИКА
8. ХЕМИЈА
9. БИОЛОГИЈА
10. ИСТОРИЈА
11. ФИЛОЗОФИЈА
12. СОЦИОЛОГИЈА
13. ГЕОГРАФИЈА
14. ИНФОРМАТИКА[1]
15. КЛАСИЧНИ ЈАЗИЦИ
16. ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
17. МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
18. МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
    за учениците што наставата ја следат
    на албански или на турски јазик или на српски јазик

1 Се подразбира наставниот предмет информатика со информатичка технологија (2+2 часа).

# 2. ЛИСТА на наставни предмети за изборниот дел на училишна гимназиска матура

1. МАТЕМАТИКА
2. АНГЛИСКИ ЈАЗИК
3. ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК
4. ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
5. РУСКИ ЈАЗИК
6. ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК
7. ФИЗИКА
8. ХЕМИЈА
9. БИОЛОГИЈА
10. ИСТОРИЈА
11. ГЕОГРАФИЈА
12. КЛАСИЧНИ ЈАЗИЦИ
13. ЛИКОВНА УМЕТНОСТ
14. МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
15. ФИЛОЗОФИЈА
16. СОЦИОЛОГИЈА
17. ИНФОРМАТИКА[2]
18. МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
    за учениците што наставата ја следат
    на албански или на турски јазик или на српски јазик

2 Се подразбира наставниот предмет информатика со информатичка технологија (2+2 часа).

# II ЛИСТИ НА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

# 3. ЛИСТА на општообразовни наставни предмети за изборниот дел на државната стручна матура

1. МАТЕМАТИКА
2. АНГЛИСКИ ЈАЗИК
3. ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК
4. ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
5. РУСКИ ЈАЗИК
6. ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК
7. ФИЗИКА
8. ХЕМИЈА
9. БИОЛОГИЈА
10. ИНФОРМАТИКА
11. ИСТОРИЈА
11. МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
    за учениците што наставата ја следат на албански или на турски јазик или на српски јазик

# 4. ЛИСТА на стручни наставни предмети за изборниот дел на државната стручна матура и училиштната стручна матура во стручното образование

## А. СПОРЕД НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ОД УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА

## Б. СПОРЕД НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРАЛЕ ПРЕД УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА

### Б/1. Според наставни планови и програми што се реализирале во рамките на ФАРЕ програмата за реформа на средното стручно образование

### Б/2. Според стари наставни планови и програми

## В. ОБРАЗОВНИ ПРОФИЛИ / КВАЛИФИКАЦИИ ВО РЕФОРМИРАНОТО ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ (МОДУЛАРНО ДИЗАЈНИРАНИ НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ)

A

# СПОРЕД НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ОД УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА

## I. СТРУКА: ГЕОЛОШКО-РУДАРСКА И МЕТАЛУРШКА

I.1. *Образовен профил:*
***геолошко-рударски техничар***
**Наставни предмети:**
- Хидрогеологија со инженерска геологија
- Рударство со откопни методи
- Рударски машини со транспорт и извоз
- Истражни работи со картирање

I.2. *Образовен профил:* **металуршки техничар**
**Наставни предмети:**
- Технологија на производство на метали
- Преработка во течна состојба
- Преработка во пластична состојба

## II. СТРУКА: ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКА

II.1. *Образовен профил:*
***архитектонски техничар***
**Наставни предмети:**
- Градежни конструкции
- Проектирање и урбанизам
- Планирање и менаџмент

II.2. *Образовен профил:* ***геодетски техничар***
**Наставни предмети:**
- Геодезија и геодетски подлоги
- Инженерска геодезија
- Катастар

II.3. *Образовен профил:* ***градежен техничар***
**Наставни предмети:**
- Сообраќајници
- Армирано-бетонски конструкции
- Хидротехнички објекти

II.4. *Образовен профил:* ***техничар дизајнер за внатрешна архитектура***
**Наставни предмети:**
- Проектирање на ентериер и мебел
- Материјали и конструкции
- Компјутерски дизајн

## III. СТРУКА: ГРАФИЧКА

III.1. *Образовен профил:* ***графички техничар***
**Наставни предмети:**
- Технологија на графичка подготовка
- Технологија на печат и доработка
- Графички дизајн

## IV. СТРУКА: ЕКОНОМСКО-ПРАВНА И ТРГОВСКА

IV.1. *Образовен профил:* ***деловен секретар***
**Наставни предмети:**
- Секретарско работење
- Економија
- Право
- Деловно работење

IV.2. *Образовен профил:* ***економски техничар***
**Наставни предмети:**
- Деловно работење
- Економија
- Право
- Сметководство

IV.3. *Образовен профил:* ***правен техничар***
**Наставни предмети:**
- Основи на јавно право
- Основи на правото
- Основи на приватно право
- Економија
- Канцелариско работење

IV.4. *Образовен профил:*
***техничар за трговија и маркетинг***
**Наставни предмети:**
- Маркетинг и маркетинг менаџмент
- Економија
- Право
- Трговија со трговско работење

IV.5. *Образовен профил:* ***банкарски техничар***
**Наставни предмети:**
- Економија
- Банкарско работење
- Сметководство

## V. СТРУКА: ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА

V.1. *Образовен профил:*
***електротехничар - енергетичар***
**Наставни предмети:**
- Автоматика
- Електрични машини и погони
- Електрични апарати и уреди

V.2. *Образовен профил:* ***електротехничар за електроника и телекомуникации***
**Наставни предмети:**
- Дигитална електроника и микропроцесори
- Електронски склопови и уреди
- Телекомуникациски склопови и уреди

V.3. *Образовен профил:* ***електротехничар за компјутерска техника и автоматика***
**Наставни предмети:**
- Автоматика
- Програмирање
- Дигитални системи

## VI. СТРУКА: ЗДРАВСТВЕНА

VI.1. *Образовен профил:* ***забен техничар***

**Наставни предмети:**

- Фиксна протетика
- Мобилна протетика

VI.2. *Образовен профил:* ***медицинска сестра***

**Наставни предмети:**

- Хирургија со гинекологија и акушерство со нега
- Интерна и педијатрија со нега

VI.3. *Образовен профил:*
***медицински лабораториски техничар***

**Наставни предмети:**

- Микробиологија
- Клиничка хемија

VI.4. *Образовен профил:*
***фармацевтски лабораториски техничар***

**Наставни предмети:**

- Фармацевтска технологија
- Фармацевтска хемија
- Фармакогнозија

VI.5. *Образовен профил:*
***физиотерапевтски техничар***

**Наставни предмети:**

- Физикална терапија
- Рехабилитација

## VII. СТРУКА: ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА

VII.1. *Образовен профил:* ***ветеринарен техничар***

**Наставни предмети:**

- Анатомија со физиологија на домашните животни
- Микробиологија со заразни болести
- Сточарство со исхрана на домашните животни

VII.2. *Образовен профил:*

***лозаро-винарски техничар***

**Наставни предмети:**

- Лозарство
- Винарство
- Подигање и одгледување на лозови насади

VII.3. *Образовен профил:*

***техничар за фармерско производство***

**Наставни предмети:**

- Градинарско производство
- Поледелско производство
- Сточарско производство

VII.4. *Образовен профил:*

***техничар за хортикултура***

**Наставни предмети:**

- Подигање и одржување на паркови
- Производство на цвеќе во заштитени простори
- Цвеќарство на отворено

VII.5. *Образовен профил:*

***техничар за агроменаџмент***

**Наставни предмети:**

- Агроменаџмент
- Агромаркетинг
- Технологии во растително производство

## VIII. СТРУКА: ЛИЧНИ УСЛУГИ

VIII.1. *Образовен профил:* ***козметички техничар***
**Наставни предмети:**
- Применета козметика
- Козметологија

VIII.2. *Образовен профил:*
***техничар за очна оптика***
**Наставни предмети:**
- Очна оптика
- Оптички мерења

## IX. СТРУКА: МАШИНСКА

IX.1. *Образовен профил:*
***автотехничар-мехатроничар***
**Наставни предмети:**
- Технологија на моторни возила
- Електротехника
- Електроника

IX.2. *Образовен профил:*
***машински воздухопловен техничар***
**Наставни предмети:**
- Воздухопловни системи и мотори
- Авиоелектротехника и електроника
- Воздухопловни конструкции

IX.3. *Образовен профил:* ***машински техничар***
**Наставни предмети:**
- Автоматско управување и програмирање
- Возила и механизација
- Технологија на обработка

IX.4. *Образовен профил:*
***машинско-енергетски техничар***
Наставни предмети:
- Хидропневматска техника
- Термотехника

IX.5. *Образовен профил:*
***техничар за компјутерско управување***
**Наставни предмети:**
- Компјутерско управување
- Програмирање на компјутерски управувани машини

## X. СТРУКА: СООБРАЌАЈНА

X.1. *Образовен профил:*
***техничар за патен сообраќај***
**Наставни предмети:**
- Безбедност и регулирање во патниот сообраќај
- Автобази и автостаници
- Организација на патниот сообраќај

X.2. *Образовен профил:*
***техничар за транспорт и шпедиција***
**Наставни предмети:**
- Комбиниран транспорт
- Технологија на патен транспорт
- Технологија на железнички транспорт
- Шпедиција и шпедициско работење

X.3. *Образовен профил:*
***техничар за железнички сообраќај***
**Наставни предмети:**
- Организација на железнички сообраќај
- Организација на правоз на патници и стоки со железница
- Експлоатација на железнички возила
- Влеча на возови

X.4. *Образовен профил:*
***машиновозач за дизел и електрични*** **влечни возила**
Наставни предмети:
- Организација на железнички сообраќај
- Влеча на возови со организација на влеча на возови

X.5. *Образовен профил:*
***техничар за логистика и осигурување***
**Наставни предмети:**
- Право во транспорт и осигурување
- Осигурување

## XI. СТРУКА: ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА

XI.1. *Образовен профил:* ***конфекциски техничар***
**Наставни предмети:**
- Конструкција и моделирање на облеката
- Технологија на конфекционирање

XI.2. *Образовен профил:* ***текстилен техничар***
**Наставни предмети:**
- Технологија на предење
- Технологија на плетење
- Технологија на доработка

XI.3. *Образовен профил:* ***техничар за обувки***
**Наставни предмети:**
- Машини и апарати во индустријата за обувки
- Моделирање
- Технологија на изработка на обувки

XI.4. *Образовен профил:* ***конфекциски компјутерски оператор***
**Наставни предмети:**
- Технологија на изработка на облека
- Компјутерско конструирање и моделирање на облека

XI.5. **НАСОКА: УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**
*Образовен профил:*
***техничар за дизајн на облека***
**Наставни предмети:**
- Обликување на облека
- Цртање/цртање и сликање
- Конструкција на облека

## XII. СТРУКА: УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА

XII.1. *Образовен профил:*
***хотелско-туристички техничар***
**Наставни предмети:**
- Агенциско работење
- Хотелско работење

XII.2. *Образовен профил:*
***угостителски техничар за рурален туризам***
**Наставни предмети:**
- Алтернативни форми на туризмот
- Национална гастрономија

XII.3. *Образовен профил:*
***угостителски техничар***
**Наставни предмети:**
- Угостителско послужување
- Готварство

## XIII. СТРУКА: ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКА

XIII.1. *Образовен профил:* ***прехранбен техничар***
**Наставни предмети:**
- Аналитичка хемија
- Прехранбена технологија
- Процесна техника

XIII.2. *Образовен профил:*
***хемиско-технолошки техничар***
**Наставни предмети:**
- Аналитичка хемија
- Технологија
- Процесна техника

XIII.3. *Образовен профил:*
***производно-процесен техничар***
**Наставни предмети:**
- Производна техника
- Процесна контрола
- Процесна техника

XIII.4. *Образовен профил:*
***техничар нутриционист***
**Наставни предмети:**
- Храна и исхрана
- Анализа на храна
- Технологија на прехранбени производи

## XIV. СТРУКА: ШУМАРСКО-ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКА

XIV.1. *Образовен профил:*
***техничар за мебел и ентериер***
**Наставни предмети:**
- Дрвни конструкции
- Проектирање на мебел
- Финална обработка на дрвото

XIV.2. *Образовен профил:*
***техничар за обработка на дрво***
**Наставни предмети:**
- Примарна обработка на дрвото
- Фурнири и слоевити плочи
- Финална обработка на дрвото

XIV.3. *Образовен профил:* ***техничар за шумарство и пејзажна архитектура***

**Наставни предмети:**

- Расадничарство
- Дендрометрија и искористување на шумите
- Подигање и одржување на зелени површини

## XV. СТРУЧНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

XV.1. **Спортска гимназија (академски пакет А и Б)**

**Наставни предмети:**

- Кинезиологија (за државна матура и за училишна матура)
- Основи на биомеханика

# Б

# СПОРЕД НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРАЛЕ ПРЕД УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА

# Б/1.

## Според наставни планови и програми што се реализирале во рамките на ФАРЕ програмата за реформа на средното стручно образование

## I. СТРУКА: ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКА

I.1. *Образовен профил:*
***архитектонски техничар***
**Наставни предмети:**
- Градежни конструкции
- Проектирање и урбанизам
- Планирање и менаџмент

I.2. *Образовен профил:* ***градежен техничар***
**Наставни предмети:**
- Сообраќајници
- Армирано-бетонски конструкции
- Хидротехнички објекти

I.3. *Образовен профил:* ***геодетски техничар***
**Наставни предмети:**
- Геодезија и геодетски подлоги
- Инженерска геодезија
- Катастар

## II. СТРУКА: ГРАФИЧКА

II.1. *Образовен профил:* ***графички техничар***
**Наставни предмети:**
- Технологија на графичка подготовка
- Технологија на печат и доработка

## III. СТРУКА: ЕКОНОМСКО-ПРАВНА И ТРГОВСКА

III.1. *Образовен профил:*
***економски асистент/техничар***
**Наставни предмети:**
- Деловно работење
- Економија
- Право
- Сметководство

III.2. *Образовен профил:* ***деловен секретар***
**Наставни предмети:**
- Секретарско работење
- Економија
- Право
- Деловно работење

III.3. *Образовен профил:*
***правен асистент/техничар***
**Наставни предмети:**
- Основи на јавно право
- Основи на правото
- Основи на приватно право
- Економија
- Канцелариско работење

III.4. *Образовен профил:* ***асистент/техничар за трговија и маркетинг***
Наставни предмети:
- Маркетинг и маркетинг менаџмент
- Економија
- Право
- Трговија со трговско работење

## IV. СТРУКА: ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА

IV.1. *Образовен профил:*
***електротехничар - енергетичар***
**Наставни предмети:**
- Автоматика
- Електрични машини и погони
- Електрични апарати и уреди

IV.2. *Образовен профил:* ***електротехничар за електроника и телекомуникации***
**Наставни предмети:**
- Дигитална електроника и микропроцесори
- Електронски склопови и уреди
- Телекомуникациски склопови и уреди

IV.3. *Образовен профил:* ***електротехничар за компјутерска техника и автоматика***
**Наставни предмети:**
- Автоматика
- Програмирање
- Дигитални системи

## V. СТРУКА: ЗДРАВСТВЕНА

V.1. *Образовен профил:* ***забен техничар***
**Наставни предмети:**
- Фиксна протетика
- Мобилна протетика

V.2. *Образовен профил:* ***медицинска сестра***
**Наставни предмети:**
- Хирургија со гинекологија и акушерство со нега
- Интерна и педијатрија со нега

V.3. *Образовен профил:* ***медицински лабораториски техничар***
**Наставни предмети:**
- Микробиологија со паразитологија
- Клиничка хемија

V.4. *Образовен профил:* ***фармацевтски лабораториски техничар***
**Наставни предмети:**
- Фармацевтска технологија
- Фармацевтска хемија
- Фармакогнозија

## VI. СТРУКА: ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА

VI.1. *Образовен профил:*
***ветеринарен техничар***
**Наставни предмети:**
- Паразитски и внатрешни болести
- Микробиологија и патологија

VI.2. *Образовен профил:* ***земјоделски техничар***
**Наставни предмети:**
- Лозаро-овоштарско производство
- Градинарско производство
- Сточарско производство

## VII. СТРУКА: МАШИНСКА

VII.1. *Образовен профил:*
***машински техничар за производство***
**Наставни предмети:**
- Автоматско управување и програмирање
- Возила и механизација
- Технологија на обработка

VII.2. *Образовен профил:*
***машинско-енергетски техничар***
**Наставни предмети:**
- Хидропневматска техника
- Термотехника

VII.3. *Образовен профил:* ***автомеханичар***
**Наставни предмети:**
- Системи кај моторни возила
- Мотори со внатрешно согорување

VII.4. *Образовен профил:*
***машински воздухопловен техничар***
**Наставни предмети:**
- Воздухопловни системи и мотори
- Авиоелектротехника и електроника
- Воздухопловни конструкции

## VIII. СТРУКА: ПРОИЗВОДНО-ПРОЦЕСНА

VIII.1. *Образовен профил:* ***процесен техничар***
**Наставни предмети:**
- Процесна техника
- Процесна контрола
- Производна техника

## IX. СТРУКА: СООБРАЌАЈНА

IX.1. *Образовен профил:* ***техничар за патен сообраќај, транспорт и складирање***
**Наставни предмети:**
- Интегрален транспорт
- Автобази и автостаници
- Безбедност во јавниот сообраќај

## X. СТРУКА: ТЕКСТИЛНА

X.1. *Образовен профил:*
***текстилен конфекциски техничар***
**Наставни предмети:**
- Технологија на конфекционирање
- Конструкција на облека

## XI. СТРУКА: УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА

XI.1. *Образовен профил:*
***хотелско-туристички техничар***
**Наставни предмети:**
- Агенциско работење
- Хотелско работење

# Б/2. Според стари наставни планови и програми

## I. СТРУКА: ГЕОДЕТСКА

I.1. *Образовен профил:* ***геодетски техничар***
**Наставни предмети:**
- Геодезија
- Применета геодезија

## II. СТРУКА: ГЕОЛОШКА

II.2. *Образовен профил:* ***геолошки техничар***
**Наставни предмети:**
- Длабинско дупчење со методи на истражување
- Геолошко картирање

## III. СТРУКА: ГРАДЕЖНА

III.1. *Образовен профил:*
***градежен лаборант - техничар***
**Наставни предмети:**
- Технологија на бетонот и армираниот бетон
- Технологија на работењето со практична настава

III.2. *Образовен профил:*
***градежен техничар за високоградба***
**Наставни предмети:**
- Градежни конструкции
- Основи на проектирањето

III.3. *Образовен профил:*
***градежен техничар за нискоградба***
**Наставни предмети:**
- Технологија на бетонот и армираниот бетон
- Патишта и земјани работи

III.4. *Образовен профил:* ***ракувач со сложена градежна механизација***
**Наставни предмети:**
- Машински елементи
- Градежни машини

## IV. СТРУКА: ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКА

IV.1. *Образовен профил:* ***техничар за примарна обработка на дрвото***
**Наставни предмети:**
- Примарна обработка на дрвото
- Полуфинална обработка на дрвото

IV.2. *Образовен профил: т****ехничар за финална обработка на дрвото***
**Наставни предмети:**
- Дрвни конструкции
- Финална обработка на дрвото

## V. СТРУКА: ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА

V.1. *Образовен профил:* ***електротехничар - енергетичар***
**Наставни предмети:**
- Електрично осветление и инсталации
- Електрични машини со електромоторен погон

V.2. *Образовен профил:* ***електротехничар-електроничар***
**Наставни предмети:**
- Електронски уреди
- Комуникациска техника

V.3. *Образовен профил:* ***електротехничар за автоматика и сметачка техника***
**Наставни предмети:**
- Програмирање
- Основи на електротехника

## VI. СТРУКА: ЗДРАВСТВЕНА

VI.1. *Образовен профил:* ***забен техничар***
**Наставни предмети:**
- Коронки и мостови со морфологија
- Анатомија со физиологија

VI.2. *Образовен профил:*
***медицинска сестра - техничар***
**Наставни предмети:**
- Интерна и педијатрија со нега
- Анатомија со физиологија

VI.3. *Образовен профил:*
***стоматолошка сестра - техничар***
**Наставни предмети:**
- Анатомија и физиологија
- Болести на уста и заби

VI.4. *Образовен профил:*
***физиотерапевтски техничар***
**Наставни предмети:**
- Физикална терапија
- Анатомија со физиологија

VI.5. *Образовен профил:* ***гиниколошко-акушерска сестра - техничар***
**Наставни предмети:**
- Акушерство со нега
- Анатомија и физиологија

VI.6. *Образовен профил:*
***фармацевтски техничар***
**Наставни предмети:**
- Фармацевтска технологија
- Фармацевтска хемија
- Фармакогнозија

VI.7. *Образовен профил:*
***медицински лабораториски техничар***
**Наставни предмети:**
- Микробиологија со епидемиологија
- Клиничка биохемија

## VII. СТРУКА: ЗЕМЈОДЕЛСКА

VII.1. *Образовен профил:*
***техничар за земјоделска техника***
**Наставни предмети:**
- Земјоделски машини
- Мотори и трактори

VII.2. *Образовен профил:* ***земјоделски техничар***
**Наставни предмети:**
- Сточарство
- Лозарство со винарство
- Поледелство

VII.3. *Образовен профил:*
***хидромелиоративен техничар***
**Наставни предмети:**
- Експлоатација и одржување
- Хидромелиорации

VII.4. *Образовен профил:* ***тутунски техничар***
**Наставни предмети:**
- Ферментација
- Фабрикација

VII.5. *Образовен профил:*
***техничар за хортикултура***
**Наставни предмети:**
- Градинарство со цвеќарство
- Лозарство со овоштарство

## VIII. СТРУКА: КОЖАРСКА

VIII.1. *Образовен профил:* ***техничар за обувки***
**Наставни предмети:**
- Моделирање и технологија на изработка на обувки
- Машини и апарати во индустријата за обувки

## IX. СТРУКА: ЛИЧНИ УСЛУГИ

IX.1. *Образовен профил:* ***козметички техничар***
**Наставни предмети:**
- Применета козметика
- Козметологија

## X. СТРУКА: МАШИНСКА

X.1. *Образовен профил:*
***машински техничар за шински возила***
**Наставни предмети:**
- Машински елементи
- Шински возила на МЖ

X.2. *Образовен профил:* ***машински техничар***
**Наставни предмети:**
- Машински елементи
- Алатни машини и технолошка подготовка

X.3 *Образовен профил:* ***машински техничар за нумерички управувани машини***
**Наставни предмети:**
- Машински елементи
- Нумеричко управување

X.4. *Образовен профил:* ***машинско-енергетски техничар***
**Наставни предмети:**
- Хидропневматска техника
- Термодинамика и термотехника

X.5. *Образовен профил:* ***машински техничар за механизациони машини и возила***
**Наставни предмети:**
- Мотори со внатрешно согорување
- Градежни и рударски машини

## XI. СТРУКА: МЕТАЛУРШКА

XI.1. *Образовен профил:* ***металуршки техничар за благородни метали***
**Наставни предмети:**
- Дизајн во златарство
- Технологија на занимање на благородни метали

## XII. СТРУКА: ПРЕХРАНБЕНА

XII.1. *Образовен профил:* ***прехранбен техничар***
**Наставни предмети:**
- Аналитичка хемија
- Прехранбена технологија

## XIII. СТРУКА:  РУДАРСКА

XIII.1. *Образовен профил:* ***рударски техничар***
**Наставни предмети:**
- Рударство
- Откопни методи

## XIV. СТРУКА:  СООБРАЌАЈНА

XIV.1. *Образовен профил:* ***сообраќаен техничар***
**Наставни предмети:**
- Организација на патен сообраќај
- Гаражи и сервиси

XIV.2. *Образовен профил:* ***техничар за интегрален и индустриски транспорт***
**Наставни предмети:**
- Организација на патен сообраќај
- Интегрален и индустриски транспорт

XIV.3. *Образовен профил:* ***сообраќаен транспортен техничар***
**Наставни предмети:**
- Организација на железничкиот сообраќај
- Организација на превоз на предмети

XIV.4. *Образовен профил:* ***ПТТ техничар (техничар за ПТТ сообраќај)***
**Наставни предмети:**
- Поштенски сообраќај
- Парично работење во ПТТ

## XV. СТРУКА:   ТЕКСТИЛНА

XV.1. *Образовен профил:* ***текстилен техничар - предач***
**Наставни предмети:**
- Технологија на предењето
- Испитување на текстилот

XV.2. *Образовен профил:*
***текстилен техничар - плетач***
**Наставни предмети:**
- Технологија на плетењето
- Испитување на текстилот

XV.3. *Образовен профил:*
***текстилен техничар - облагородувач***
**Наставни предмети:**
- Технологија на боењето и печатењето
- Испитување на текстилот

XV.4. *Образовен профил:* ***конфекциски моделар***
**Наставни предмети:**
- Технологија на конфекционирање со машини
- Моделирање на облека

XV.5. *Образовен профил:*
***текстилен конфекциски техничар***
**Наставни предмети:**
- Технологија на конфекционирање со машини
- Конструкција на облека

## XVI. СТРУКА: УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА

XVI.1. *Образовен профил:*
***хотелско-туристички техничар***
**Наставни предмети:**
- Агенциско-хотелско работење
- Основи на угостителството и туризмот

## XVII. СТРУКА: ХЕМИСКО-ТЕХНОЛОШКА

XVII.1. *Образовен профил:*
***хемиско-технолошки техничар***
**Наставни предмети:**
- Аналитичка хемија
- Неорганска технологија
- Органска технологија

XVII.2. *Образовен профил:*
***техничар за очна оптика***
**Наставни предмети:**
- Очна оптика
- Оптички мерења

## XVIII. СТРУКА: ШУМАРСКА

XVIII.1. *Образовен профил:*
***техничар за пејзажна архитектура***
**Наставни предмети:**
- Подигање и одржување зелени површини
- Заштита на растителноста

XVIII.2. *Образовен профил:* ***шумарски техничар***
**Наставни предмети:**
